20250030059

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за за Развојната банка на Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6486/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска-Давкова, с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Развојната банка на Северна Македонија (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 105/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 77/21 и 209/23) во член 13-и став (2) во алинејата 2 зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во алинејата 4 зборовите: „Агенцијата за енергетика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 2

Во член 17 ставот (4) се менува и гласи:

„Владата на Република Северна Македонија ги именува членовите на Надзорниот одбор и тоа тројца на предлог на министерот за финансии, еден на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и еден на предлог на министерот за економија и труд.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.